## Ликовна панорама

# ЕСЕНСКА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ

ПОВЕЌЕ од две децении ДЛУМ приредува есенски изложби. Во првите години по војната тоа всушност беа е единствените ликовни манифестации што се одржуваа во Скопје во текот на една година. Развојот на ликовниот живот кај нас предизвика промени и во оваа наша најстара ликовна институција. Поранешниот ограничен број членови на Друштвото значно се зголеми. Тоа придонесе постепено да се ограничува бројот на експонатите на секој одделен учесник. Од друга страна, зголемените можности за излагање на други места и редица моменти што се јавуваат, спорадично или континуирано, во творечката активност, концепциите и ставовите на одделни автори, ја условија веќе со години уочената појава на, понекогаш, значна апстиненција на некои од нив на оваа изложба. Тоа е случај и со годинашната нејзина физиономија, која е карактеристична со редица укажувања за некои движења и некои творечки аспирации во современата македонска уметност, но не може да ја индицира целосната атмосфера во оваа област на нашата култура. Треба да се одбележи дека и механизмот според кој се компонира оваа изложба, не е прецизно дефиниран: спорадично се сменува принципот на жирирање на делата со принципот на слободното, само по бројот на експонати ограничено, учество на секој член на Друштвото. Треба да се нагласи дека навистина не е едноставно определувањето за кој и да е од нив, со оглед дека тоа имплицира редица други прашања и проблеми. За некои од нив, впрочем, е пишувано и во весникот „Политика" од 2. XI. о. г., во врска со дејствувањето на професионалните здруженија воопшто, а мошне пати и кај нас.

Делата изложени во Уметничката галерија оваа година, како и секогаш, претставуваат најмногу сликарски творби. Во овој дел на изложбата е најуочливо отсуството на значен број истакнати македонски уметници од сите генерации. Оттука општите заклучоци мораат да се ограничат само на изложениот материјал. Така, уочливо е дека во творештвото на некои уметници настапува период на кристализација и продлабочување на некои поранешни, понекогаш сè уште неопределени настојувања. Тоа е и најдобриот дел на изложбата воопшто. Од друга страна, можат да се забележат и некои имиња што досега не ѝ беа познати на пошироката јавност, а тоа му со некои ликовни потфати што го свртуваат критичкото внимание врз нив. Се уочува и желбата кај некои уметници од постарата генерација да останат во рамките на своите порано откриени ликовни хоризонти. Стилските преокупации сочинуваат мозаик, во кој доста ретко се насетува амбицијата кон вклучување во една актуелна пластична клима, што е забележливо и кај редица помлади уметници.

Р. Анастасов се стреми кон интровертност на чувствата и пиктурална изработеност на секој детаљ на сликата. Т. Атанасовски, инспиративно поттикнат од асоцијативно — нонфигуративниот експресионизам на Кобра, на Хундертвасер, од некои постапки на Бифе и Шеме, го исполнува платното со немирот на извиткани, испрекршени, заемно испреплетени потези, црвено, зелено, темно-земјено ни обоени. И. Велков и натаму задржува традиционалистички инспирации со елементи на геометриската апстракција. К. Ефремов елементи претпазливо извлечени од репертоарот на поп-артот, новата фигуративна нарација и следите од поранешните негови ликовни настојувања ги вградува во ликовна постројка што се стреми, пред сè, кон поголема култура на сликањето, кон попродлабочена дефиниција на секој ликовен детаљ: студено — топлиот колорит на сликите, задржаниот немир и асоцијативно — алузивната оформеност на одделните облици содржат притаен кошмар и драма. П. Мазев, низ силно наметлив колорит, динамично, експресивно повлечени обоени потези, го следува човечкото присуство на морбидна, жестока драматичност што ги расонува и деформира неговите материјални, физички особености. В. Ташковски се определува за педантно, речиси тонско сликање, што создава глатка фактура од студени бои. Надреалното, алузивното, загадочното се претставува низ необични односи на ства
но-нестварни детали, елементи изв
чени од конфигуративното сликарст
и такви што можат условно да
„прочитаат". А. Темкова истражува
својот манир што гради типки, пр
тулени, со здржан немир исполне
амбиенти и ликови. С. Шемов ја пр
длабочува својата ориентација к
еден вид „психоделично" сликарств
„отпуштањето" на животни енерги
низ секое делче на материјата, агр
сивна, провокативна „естетичност"
пиктуралната структура во која
финимаот, суптилноста, деликатнос
во обработката од „традиционале
карактер, се сменува со детали пр
дизвикани од современата визуел
иконосфера. Б. Лазески, во духот
ликовниот систем што го разрабо
за својата разурната ѕидна сли
„НОБ во Македонија", изложи
композиција од нашето подалечно и
ториско минато. Драмата, патетика
експресијата, ритамот се изразе
колку во самиот ликовен јазик, тол
и низ шематизирањето на динамик
та во целата композиција. Д. Кондо
едната од своите тапиесерии („Пиета
ја пренесува експресивната, драмати
на деформација од еден свој порано
изложен цртеж. За одбележување
настапот уште на Н. Мартиноски
(грижлива колористичка организација
стремеж кон суптилна деформација
Б. Костовски, П. Видимче. Во графи
ката се пробиваат нови имиња, тако
на пример, Д. Кикоја и Т. Крнов. Обе
ата настојуваат, со разни технико
да обликуваат нонфигуративно — асо
цијативни структури.

Во скулптурскиот дел за одбележу
вање се делата на В. Василев: компо
зиции од архаично-популистички ин
спирирани форми, грижливо обрабо
тени, емотивно здржани. Б. Митриќе
ски својот „Климент Охридски" го за
мислил во пластика што изразува
здржаност, нежност, мир, ненаметли
во достоинство. А. Ивановски изложи
геометриско-структуралистички зами
слен објект, чии одделни профили —
издлабености се обоени со гама свет
ли бои. С. Манески и Б. Николовски
излагаат по една скулптура, што се
движат во рамките на нивните пос
ледни пластични истражувања.

**Борис ПЕТКОВСКИ**